# СПОРОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАТКОВСТВО

м-р Катерина Георгиевска
Судија во Врховен суд на РСМ

# ПАРНИЦА

- ТУЖИТЕЛ
- ТУЖЕН




пресуда

Законот за семејство при утврдување на татковството тргнува од концепцијата дека за татко на детето ќе се смета брачниот другар на мајката, доколку детето е родено за време на траењето на бракот или пак во рок од 300 дена по престанокот на бракот.

За татко на детето ќе се смета брачниот другар на мајката, а со тоа ќе се смета дека и детето е родено во брак во случај:

-детето зачнало пред склучување на бракот, а е родено по склучување на бракот,без оглед дали мајката пред тоа била во друг брак,

-дете зачнато и родено за време на траењето на бракот,

-дете зачнато за време на траењето на бракот, а родено во рок од 300 дена по престанокот на бракот,

-дете зачнато пред склучувањето на бракот, а родено во рок од 300 дена по престанокот на бракот(во случај кога бракот траел кратко време) ,

-дете зачнато по престанокот на бракот, а родено во рок од 300 дена по престанокот на бракот

Кога детето не е родено во брак познато како вонбрачно татковство тогаш за татко на детето родено надвор од брак се смета лицето кое детето ќе го признае за свое.

Татковство може да се признае пред **матичар**, **Центарот за социјална работа** и **суд**.

Органот пред кого е дадено ова признание должен е, без одлагање, записникот за признавање на татковството, да го достави до матичарот надлежен за упис на детето во матичната книга на родените.

Исто така признавање на татковството може да биде направено и со тестамент.

# Татковството на детето родено надвор од брак може да се утврди на два начина

- Со признавање
- Со судска одлука

# Изјавата за признавање на татковство (доброволна изјава на волја од страна маж) треба да се состои од три елементи:

- Во изјавата да се тврди дека лицето се смета за татко на детето што е родено надвор од брак.

- Дека станува збор за дете родено надвор од брак.
- Изјавата е дадена со намера да се заснова татковство,односно родителски односи.

Мажот на мајката на детето родено надвор од бракот се смета за татко кога брачните другари во моментот на склучувањето на бракот за тоа дете писмено изјавиле дека “законски го посвојуваат досега незаконското дете “ и во матичната книга на родените мажот е запишан како татко.

Спротивно може единствено да се установи само со судска одлука во парница со која се оспорува татковството, односно во која се утврдува невистинит упис.

Дотогаш вака утврдениот татко е должен да го издржува детето

# За признавањето на татковството на детето

Ако таткото **е државјанин на РСМ** потребни се :
1. Копија од лична карта/пасош од родителите и оригиналот на увид;
2. Копија од изводот од МКР од родителите и оригиналот од изводот на увид;
3. Писмена изјава дадена од таткото на детето..

**Ако таткото е странски државјанин** потребни се:

1. Копија од пасошот на таткото и оригиналот на увид;
2. Копија од изводот од МКР на таткото од странство, со заверен превод на македонски јазик и оригинал од изводот на увид;
3. Писмена изјава (согласност) дадена од таткото.

Изјава за признавање на татковството на дете родено надвор од брак може да се даде и преку полномошник.

Полномошното мора да биде заверено и да содржи изрично овластување на полномошникот да даде изјава за признавање на татковството на определено дете кое го родила определена мајка.

Изјава за признавањето на татковство на дете родено надвор од брак може да се даде и пред раѓање на детето.

Изјавата дадена пред раѓање на детето произведува правно дејство под услов детето да се роди живо.

Татковство неможе да се признае по смртта на детето, освен ако тоа оставило потомство.

Изјавата за признавање на татковство, како и изјавата на мајката и детето за согласност со признаеното татковство, **не може да се отповикуваат** единствено ако таа е предизвикана со принуда или е дадена поради измама или во заблуда.

Тужба за поништување на изјавата може да се поднесе во рок од една година од кога принудата престанала, односно од денот кога заблудата, односно измамата е откриена.

Ако се бара утврдување на татковство на лице кое починало,тогаш со тужбата мора да се опфатат како тужени сите негови наследници од прв наследен ред, а не само некои од нив, затоа што во вакви случаеви се работи за нужни сопарничари

Кога во парница за утврдување на татковство лицето означено како вонбрачен татко починало, тогаш неговите законски наследници се пасивно легитимирани како странка во тој спор, затоа што имаат правен интерес да го оспоруваат тужбеното барање за утврдување на татковство.

Законот изрично појаснува кое лице може да изврши признавање на дете родено надвор од брак, а тоа е секое полнолетно деловно способно лице, како и малолетно лице ако е постаро од 16 години, како и лице со ограничена деловна способност, доколку е способно да ја сфати содржината и значењето на изјавата за признавање на татковство.

Признавањето на татковството произведува правно дејство и се запишува во матичната книга на родените само ако со тоа се согласи мајката на детето, која за тоа матичарот ја известува.

Изјавата за согласност за признавање на татковство мајката ја дава во рок од 30 дена по приемот на известувањето.

Кога мајката не е жива или е исчезната, со непозната адреса или со ограничена или одземена деловна способност изјавата ја дава старателот на детето со одобрение на Центарот за социјална работа.

Лицето кое во матична книга на родените е запишано како татко на дете родено надвор од брак, а нема признаено татковство на законски пропишан начин , не може да го оспорува татковството во парница пред редовен суд , туку може да бара исправка на погрешен упис во матичната книга кај надлежен општински управен орган.

Еден од законските начини за утврдување на татковство на дете родено надвор од брак е и **признанието** дадено на **судски записник** во парница за издржување на детето, дека детето е на тужениот.

При тоа не е потребна согласност од мајката на детето за упис на ваквото признание во матична книга на родените,ако таа, во име на малолетното дете поднела тужба за плаќање на издршка ,бидејќи на овој начин претходно се изјаснила дека тужениот е татко на детето.

Ако детето е постаро од 16 години, потребна е и негова согласност за признавање на татковството.

Изјавата за согласност се дава во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето.

За да се оствари целата постапка за признавање на татковство, да произведува право дејство и да се изврши упис во ИМКР,потребна е релевантна волја на таткото, детето(кое е постаро од 16 години) и мајката.

Ако детето е помало од 16 години, и е под старателство, бидејќи мајката е умрена или е со непознато живеалиште или престојувалиште или му е одземена деловната способност, изјава за согласност за признавање на татковството дава старателот на детето со одобрение на Центарот за социјална работа.

Одземањето или ограничувањето на деловната способност,не ја негира способноста за расудување.

(случајот под старателство,со делумно ограничена способност «ГЖ-512/23»АСС)

Ако мајката на детето и детето кое е постаро од 16 години или старателот на детето кога е потребна неговата согласност, не се согласат со признавањето на татковството или не се изјаснат за тоа во рок од 30 дена по приемот на известувањето, лицето кое го признало детето за свое може да поднесе тужба заради утврдување дека е тој татко на детето.

Тужба може да се поднесе во рок од три месеци по приемот на известувањето за несогласување на лицата.

СП -Рев.2.бр.203/17 ВСРСМ

Брачниот другар на лицето кое признало дека е природниот татко на детето од вонбрачниот однос со друга жена – не може со тужба до судот да го оспори ова татковство (Одлука на ВСС)

Тужба за утврдување на татковство на детето родено надвор од брак не може да се поднесе против починато лице на кое би му било одреден старател, туку против неговиот наследник.

Согласно член 263 став 1 од Законот за семејството како странки во спорот за утврдување на татковското се лицето чие татковско се утврдува, детето и мајката на детето, а центарот за социјална работа само кога согласно со одредбите на овој закон е овластен да поведе постапка за утврдување на татковското.

Целта на постапката за утврдување на татковство е да се утврди кое лице се смета за татко на детето што го родила една жена
(мајката е секогаш позната)

Изводот од Матичната книга на родени како јавна исправа ја докажува вистинитоста на она што е запишано во неа.

Ако во ИМР на родените е запишан таткото, тоа запишување е извршено во определена постапка од страна на надлежен орган.

Доколку запишаното лице смета дека не е татко на детето може да поведе соодветна постапка за тоа.

Тоа не е предходно прашање, за прекин на постапката за издршка.

Услов за прекинување на постапката е другата постапка да е поведена.

Биолошкиот татко **бара да биде ослободен од плаќање на издршката за децата**, бидејќи е извршена промена на презимето на децата и тие го носат презимето од вториот сопруг на нивната мајка.

Тоа лице во изводот од матичната книга на родените е заведен како татко, бидејќи истиот им признал татковство..

Биолошкиот татко е спречен да ги врши родителските права како и да донесува одлуки за неговите деца иако е природен татко на малолетните деца.

Ако детето е постаро од 16 години, потребна е и негова согласност за признавање на татковството. Изјавата за согласност се дава во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето.

Ако детето е помало од 16 години, и е под старателство, бидејќи мајката е умрена или е со непознато живеалиште или престојувалиште или му е одземена деловната способност, изјава за согласност за признавање на татковството дава старателот на детето со одобрение на центарот за социјална работа.

Ако е детето малолетно или е деловно неспособно тужба во негово име може да поднесе мајката, додека го врши родителското право.

Старателот, со одобрение на центарот за социјална работа може да поднесе тужба за утврдување на татковство додека трае старателството, но најдоцна до навршена 21 година од животот на детето.

Центарот за социјална работа може по службена должност да покрене постапка за утврдување на татковство, доколку мајката вршејќи го родителското право ги занемарува интересите на детето и не покренала постапка за утврдување на татковство.

# Активна легитимација за поднесување на тужба за утврдување на татковство

- Детето родено надвор од брак

- Мајката во име на детето

- Старателот во име на детето и

- ЦСР

# Пасивна легитимација во постапката за утврдување на татковство

*Кога постапката ја поведува детето- **лицето чие татковство се утврдува и мајката доколку е жива.**

*Кога постапката ја поведува мајката на детето, како законски застапник на детето- **лицето чие татковство се утврдува**

*Кога постапката ја поведува старателот на детето со одобрение на ЦСР -**лицето чие татковство се утврдува и мајката доколку е жива**

*Кога постапката ја поведува ЦСР само во свое име -**лицето чие татковство се утврдува, детето и мајката**

* Кога постапката ја поведува ЦСР во свое име и во името на детето-**лицето чие татковство се утврдува, детето и мајката**

# Судска пракса

Тужба за утврдување на татковство поднесува детето кое е е полнолетно и бара да се утврди дека тужениот е природен татко на тужителот.

Мајка на детето, со поднесок пристапи кон тужбата и се врши проширување на тужбата со нареден тужител, дека во постапката по тужба за утврдување на татковство, мајката претставувала нужен сопарничар, па морала да се јави како странка во постапката на страната на детето.

Првостепениот суд во смисла на чл.263 од Законот за семејство, го прифати субјективното проширување на тужбата, прифаќајќи дека мајката е нужен сопарничар на страната на тужителот.

Кога детето е полнолетно мајката не е активно легитимирана и не е нужен сопарничар со тужителот «ГЖ-310/18»АСБ

Во постапка за утврдување на татковство, ако е умрено лицето за кое се тврди дека е татко на детето, тужени ќе бидат неговите наследници.

Сите наследници треба да бидат опфатени со тужбата,тие се нужни сопарничари и пресудата за утврдување татковство ќе се однесува на сите.

(постои имотен интерес)

Ако детето како тужител почине во текот на парницата не е предвидена можност наследниците да ја продолжат постапката.

Барањето за утврдување татковство е лично право и не преминува на наследниците.

Мајката на детето ни во свое име не може да го продолжи спорот за утврдување татковство, ако детето во постапката умрело.

Еден од начините за утврдување на татковство на дете родено надвор од брак е уврдување татковство со судска пресуда.

Кога со правосилна пресуда е утврдено дека едно лице е природен татко на малолетното дете, тоа лице не може да поднесува тужба со која ќе го оспорува татковството поради тоа што во постапката за утврдување на татковство не бил изведен доказ со вештачење на крвните групи и крвните фактори,затоа што тој бил во странство.

Во таков случај се смета дека има пресудена работа.

За татко на детето, родено надвор од брак, ќе се смета лице кое со мајката на детето имало полови односи во време од најмалку 180 до 300 дена пред раѓањето на детето, доколку не се докаже спротивното.

При утврдувањето на татковството судот особено ги зема предвид и заедничкиот живот и меѓусебните односи на мајката на детето и на тужениот пред и по раѓањето на детето, како и медицинските и други докази кои не го исклучуваат тужениот дека е татко на детето.

**Во споровите за утврдување на татковство на дете родено надвор од брак судовите изведуваат докази врз основа на кои ќе се утврди со сигурност природниот татко на детето.**

**Се изведуваат докази врз основа на кои ќе се утврди дека татко на детето родено надвор од брак е тоа лице кое во периодот на зачнувањето на детето имало полови односи со мајката на детето.**

**Вештачење**

**Одлука** на **ЕСЧП -случајот Мифсуд против Малта**

Нема повреда на член 8 (право на почитување на приватниот и семејниот живот) на Европската конвенција за човекови права.

Жалбата се однесува против наредбата на судот да се подвргне на ДНК тест во предмет за утврдување на татковство, во кој една жена покренала судска постапка за да се утврди дека г- дин Муфсуд е нејзин биолошки татко и тоа да се внесе во нејзиниот ИМКР.

Домашните судови воспоставиле рамнотежа помеѓу правата на жалителот и оние на жената која се обидела да утвди дали тој е нејзиниот татко.

* Кога мајката живее вонбрачно со едно лице и во тој период е  зачнато детето, а во постапката за утврдување на татковство тоа лице не се појавило на вештачење за да докаже дека не е татко на детето, има основ за утврдување татковство.

* Во случај кога мајката на малолетното дете одржувале полови односи и имале намера да склучат брак, детето било зачнато , но таткото зaѓинува во сообраќајна несреќа и поради тоа не дошло до склучување на бракот, утврдувањето на татковството на детето родено по смртта на таткото ќе се води во спорна постапка кон наследниците на покојниот, доколку истите го оспоруваат татковството.

## Случаи од пракса

* Мајката за да ја разреши дилемата кој е татко на детето одлучила да се направи ДНК анализа на двајца мажи и тоа сопругот и пријателот.
Се утврдило дека татко на детето е пријателот а не сопругот.

* Случај кога ќерката се родила со зелени очи, а никој во семејството нема такви очи.Прва се посомневала свекрвата дека снаата го изневерувала синот.

Со ДНК се утврдило дека сопругот е биолошкиот татко на ќерката, но дека тој не е син на на сопругот на свекрвата.

* Случај кога таткото не се јавува на закажаниот термин за ДНК тест тужбеното барање се усвојува.

- Поранешниот белгиски крал Алберт Втори ќе мора да плаќа по 5000 евра на ден на жена која тврди дека е негова биолошка ќерка, се додека не достави примерок од ДНК за тест за татковство.
- Со судска одлука (2018) беше наредено на кралот да се подложи на тестирање, но тој не го направил тоа. Судот во Брисел му наредил на 84-годишниот Алберт да закаже термин е да поднесе примерок во присуство на судски вештаци.
- Со ДНК тестирање веќе беше утврдено дека сопругот на нејзината мајка (баруница) не е биолошкиот татко.

* Кога оставителот во текот на животот не го признал како свое вонбрачното дете ниту пак татковството било утврдено во судска постапка , нема законски услови на тоа дете на му се признае право на наследување по смртта на претпоставениот татко.

* Во случај кога починатиот знаел за раѓањето на детето и татковството е запишано по негово признание, наследниците немаат право да го оспоруваат татковството.

Не е дозволено утврдување на татковство на дете кое е зачнато со вештачко оплодување.

# СУДСКА ПРАКСА

# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

Повелете со прашања

